**Годишен наративен извештај за работа за 2021-2022 година**

Активните членови на МАКЕДОНСКОТО ПЕНОЛОШКО ДРУШТВО во текот на 2021-2022 година во зависност од тековните проекти, ги продолжија своите истражувања во неколку насоки:

- положбата на осудените лица за време на издржување на затворската казна и степенот на заштита и почитување на нивните права,
- положбата на малолетните лица како сторители на кривични дела и
- положбата на децата во ризик и децата во судир со законот и заштитата на нивните најдобри интереси.

Тимот на Правничка истражувачка мрежа (ПИМ) раководена од Македонското пенолошко друштво (МПД) за времетраењето на проектот Превенција на детско престапништво успеа целосно да реализира четири резултати од вкупно пет предвидени резултати. Неостварувањето на предвидениот краен резултат се должи на сериозните предизвици со кои тимот се соочи во текот на месец август и септември 2020[1] .

Како клучни постигнувања ги издвојуваме:

1. Изготвена и објавена Методологија за истражувањето: Превенција на детско престапништво, достапна на https://msp.mk/mk_MK/publications/;
2. Спроведено истражување и идентификувани ризици на детско престапништво во 4 плански региони: Скопски, Југозападен, Полошки и Вардарски. Резултати објавени на веб страната на МПД: https://msp.mk/mk_MK/civica-mobilitas/;
3. Изготвена и објавена публикација со сумарна анализа од спроведеното истражување, достапна на https://msp.mk/mk_MK/publications/;
4. Одржана јавна презентација на Анализата на ризик факторите за детско престапништво пред Државен совет за превенција со детско престапништво, објавена на страната на ДСПДП: http://dspdp.com.mk/vesti/prezentirana-analiza-na-rizik-faktori-za-pojava-na-detsko-prestapnistvo/
5. Изработена компаративна анализа на програми за превенција на детско престапништво, објавена на https://msp.mk/mk_MK/publications/.
6. Изработен Модел – деловник за работа на општинските совети за детско престапништво. Истиот беше презентиран и наиде на пофалби од страна на членовите на Државниот совет за превенција на детско престапништво. Модел Деловникот ќе овозможи воедначен начин на работа и функционирање на општинските совети и е достапен на: https://msp.mk/model-delovnik.
7. Изработен прирачник со Превентивна програма за работа со деца во ризик „Д“, со понудени и детално разработени 8 работилници за превенција на детско престапништво,

[1] На почетокот на август 2020 година, со пропаѓањето на Еуростандард банка и отворање на стечајна постапка за банката, бевме спречени да ја користиме првата префрлена рата на финансиски средства за реализација на проектот. Објаснување е дадено во т.4 "Буџет" од овој извештај.

достапна на: https://msp.mk/mk_MK/publications/.

8. Воспоставена трајна соработка со Државен совет за превенција на детско престапништво.

Имплементацијата на проектот се одвиваше во четири фази. За остварување на првиот предвиден резултат започнавме со мапирање и идентификување на ризиците за детско престапништво во предвидените 4 плански региони во државата, што се надоврзува на вториот предвиден резултат а тоа е изработка на публикација со сумарна анализа од спроведеното истражување. Студијата доби наслов „Деск анализа на достапни податоци од релевантни институции“, и служи за идентификување, елаборација и анализа на ризик факторите за појава на детското престапништво.

Овој дел од нашето работење опфати повеќе чекори.

Прво, беа спроведени консултативни средби помеѓу партнерите на проектот по што беа утврдени конкретните задачи со цел прибирање на податоци од релевантни институции кои ќе треба да се систематизираат, анализираат и преточат во труд. Беше утврдено дека за оваа цел ќе биде потребно прибирање на податоци од што повеќе релевантни институции со цел подоцнежна компаративна анализа на податоците и креирање на теми за дискусија со цел спроведување на полу-структуирани интервјуа со директори на Центри за социјални работи, со директори на средни училишта (гимназии и средни стручни училишта) и сектори за внатрешни работи.

Заклучокот на тимот во овој дел беше дека спроведувањето на интервјуата ќе биде погодно да се спроведе во некоја наредна фаза од две причини, но првенствено поради ограничувањата предизвикани од пандемијата (причините и последиците се детално опишани во следната точка 3 „Резултати“). Овие отстапки од првично планираните активности не влијаеа врз остварување на општата и специфичната цел на овој проект. Напротив, истата придонесе за зголемена прецизност при реализација на специфичната цел, односно мапирање на локалните ризици за појава на детско престапништво и подобрување на институционалната клима.

Второ, тимот за прибирање на податоци пристапи кон оваа активност со цел собирање на релевантни податоци од:

- Центрите за социјални работи во четирите плански региони;
- Министерството за внатрешни работи;
- Државниот совет за превенција на детско престапништво;
- Националното координативно тело за заштита на деца од злоупотреба и занемарување;
- Државниот завод за статистика;
- Основните и средните училишта во државата и
- Локалната самоуправа.

Од наведените институции, во најголем број беа собрани бараните податоци кои беа групирани и систематизирани во именуваната Деск анализа, на 50 страници. Анализата во себе опфаќа графикони, нумерички податоци и наративни заклучоци со кои се сублимира основната цел – идентификување на ризиците за детско престапништво по плански региони.

Деск анализата комплетно со графичкиот дизајн беше предадена на печатење во 50 примероци и истата е објавена на веб страниците на здруженијата. Се погриживме примероците да бидат доставени до Државниот совет за превенција на детско

престапништво и Министерството за правда, а оттаму да бидат доставени и до општинските совети.

По изработка на наведената анализа, на наше големо задоволство, добивме покана од Советот за превенција на детското престапништво (натаму: ДС) да ги презентираме добиените резултати на редовна седница на ДС која се одржа со користење на платформата Zoom. На онлајн седницата, д-р Елена Мујоска Трпевска, м-р Ненад Алексиќ и м-р Игор Петровски во свое 30 минутно излагање, а потоа и во отворена дискусија ги презентираа резултатите и заклучоците од трудот пред членовите на ДС по што добија пофалби за сработеното и покана за понатамошна соработка со Советот. За јавната презентација на анализата, Државниот совет објави вест на својата веб страна, достапна на следниот линк: http://dspdp.com.mk/vesti/prezentirana-analiza-na-rizik-faktori-za-pojava-na-detsko-prestapnistvo/.

Во своето работење на овие први две фази од проектот, тимот увиде дека општинските совети за превенција на детско престапништво тешко соработуваат со здруженија и организации и генерално, или не се во можност или не се волни да соработуваат во вакви активности. Сепак, во насока на остварување на третиот предвиден резултат односно зголемување на функционалноста на општинските совети за превенција на детско престапништво, тимот изработи Модел-деловник (натаму: Деловникот) за работа на советите. Деловникот е изработен согласно законските правила и содржи 19 члена.

На повторна покана на Државниот совет за превенција на детско престапништво, тимот присуствуваше на нивната редовна седница одржана на 26 октомври 2021 година. М-р Константин Битраков, м-р Игор Петровски и д-р Елена Мујоска Трпевска го презентираа Деловникот за работа на општински совет за детско престапништво. Државниот совет ја објави оваа информација на нивната веб страна, достапна на: http://dspdp.com.mk/vesti/model-delovnik-za-rabota-na-opstinskite-soveti-za-detsko-prestapnistvo/.

Во рамките на следната фаза, а во насока на остварување на четвртиот резултат, проектниот тим изработи компаративна анализа на програми за превенција на детско престапништво со краток осврт на релевантните документи на меѓународен план. Низ концептот на ризични и заштитни фактори, преку дефинирање на детското престапништво и одредување на видовите на превенција, но и презентирање на меѓународните искуства во планирање на превенцијата и развивање на превентивни програми, во анализата се објаснува како да се развие планирана, организирана и ефективна превенција, со јасна позиција на локалната заедница и општинските совети за превенција на детско престапништво. Прикажаните превентивни програми во анализата, се солиден ресурс за планирање и нивна примена од страна на институциите, граѓанските организации или општинските совети за превенција на детско престапништво. Превенцијата финансиски е исплатлива ако се спореди со фискалните импликации што ги носи третманот, интервенцијата и дополнителната институционална или вонсемејна грижа за децата. Компаративната анализа има 50 страници и е објавена на веб страната на МПД.

Како логичен след во остварувањето на предвидените цели, во рамките на четвртата фаза од овој проект беше изработен прирачник насловен Превентивна програма за работа со деца во ризик „Д“. Прирачникот има 60 страни и вклучува 8 детално разработени работилници со содржина, цели на работилницата и очекувани резултати. Прирачникот е објавен на веб страната на МПД.

За цело времетраење на проектот, тимот објавуваше инфографици на социјалните

мрежи Фејсбук, Инстаграм и на веб страниците на: Македонското пенолошко друштво (https://msp.mk/mk_MK/civica-mobilitas/), Мој правен советник (https://mojpravensovetnik.mk/) и наменската веб страна за проектот на Правничката истражувачка мрежа (http://pim.mk/). Податоците од инфографиците и информаторите се состојат од впечатливи податоци до кои дојдовме за време на истражувањето и имаат за цел анимирање на јавноста со цел фокусирање на проблематиката со детското престапништво.

Реализирани резултати во извештајниот период:

- **Р.1 Идентификувани ризици за детско престапништво во 4 плански региони: Скопски, Југозападен, Полошки и Вардарски**

Во однос на наведениот резултат беа реализирани следните активности:

А.1.1.Утврдување на методологија за истражување.

За да се постигне оваа специфичната цел, беа идентификувани ризиците за детско престапништво во поедините региони. Прво, се изработи методологија на истражувањето каде точно се утврди кои сѐ чекори ќе бидат преземени како би се дошло до релевантни заклучоци и сознанија (пр. десктоп истражување, теренски активности, методи за обработка на податоците – синтеза, концептуална анализа, емпириски метод и сл.)
Предвидените А.1.2 за Изработка на прашалници и А.1.3 за Спроведување на полу-структуирани интервјуа, не беа целосно реализирани поради две причини:

1. Ситуацијата со корона пандемијата ни оневозможи да оствариме комуникација со таргетираните личности од причина што планираните полу-структуирани интервјуа мораат да се спроведат со физичко присуство и директна комуникација и работа на терен не само со челните лица на институциите, туку и со останати вработени кои би требало да одговорат на нашите прашања, а со тоа да разјаснат одредени дилеми, и
2. Заклучивме дека е подобро, во таа првична фаза од спроведување на проектот, да се посветиме на прибирање на широк фронт на податоци со цел нивно прецизно систематизирање и анализа. Утврдивме дека од овие анализи ќе произлезат одредени прашања кои ќе останат неразјаснети и на тој начин подобро би ги спровеле интервјуата во некоја наредна фаза со оглед на фактот дека одредени заключоци ќе ни овозможат квалитетно креирање и спроведување на интервјуата.

- **Р.2 Изготвена публикација со сумарна анализа од спроведеното истражување.**

Во однос на наведениот резултат беа реализирани следните активности:

А.2.1. Прибирање, селектирање и обработка на добиените податоци;

А.2.2. Изведување на заклучоци од добиените податоци (квантитативни, наративни и други);

А.2.3. Изработка на инфографици и

А.2.4. Дистрибуција на публикацијата до сите Центри за социјални работи, Државен совет за превенција на детско престапништво и Министерство за правда.

Согласно планираните резултати и активности беа прибрани, селектирани, обработени и систематизирани податоците кои подоцна беа искористени за изработка на

публикацијата (Деск анализата од точка 2 на овој извештај. Согласно активноста А.2.1. податоците беа искористени за изведување на квантитативни, наративни и компаративни заклучоци кои заедно со споменатите инфографици од точка А.2.3. беа искористени за комплетирање на публикацијата со цел истата да биде квалитетна појдовна точка за понатамошните активност на овој проект, а од аспект на спроведување истражувања за состојбите кои се покажаа како „темна страна“ на детското престапништво. Во овој дел, покрај споменатата презентација на Анализата, беше дистрибуирана Деск анализата на достапни податоци од релевантни институции до Центрите за социјални работи со цел остварување на последната активност (А.2.4.) од овој резултат, односно заради овозможување на увид во нашата работа која може да помогне при идентификација на ризиците за детското престапништво од страна на Центрите, како едни од најзначајните чинители во борбата против детското престапништво.

- **Р.3. – Функционалност на Советите за превенција на детското престапништво**

Во однос на наведениот резултат беа реализирани следните активности:

А.3.1.Остварена соработка со Советите за превенција на детско престапништво.

Во нашето општество не е доволно да постојат адекватни политики туку потребно е и органите за нивно спроведување да функционираат. За да се помогне во создавањето на функционални и оперативни Совети за превенција на детско престапништво во општините, како и да се овозможи одржливост на проектот, започнавме со фазата на воспоставување контакти со определени општини но мора да изразиме загриженост бидејќи не се сите општински совети расположени да споделуваат информации и искуства.

Со дел од советите оствативме директна соработка а дел од нив не ни излегоа во пресрет на поставените барања, не беа отворени за соработка и не одговорија на нашите повици.

А.3.2.Изработка на модел-деловник за работа на Советите за превенција на детско престапништво.

Во насока на подобрување на функционалноста на постоечките општински совети но и како добра смерница за работењето на советите што во иднина треба да се формираат, беше изработен модел – Деловник за работа на Советите за превенција на детско престапништво. Деловникот ги уредува начинот на работа на секој општински Совет, начинот на одлучување, вршењето на административни работи на Советот, начин на свикување и водење на седници и сл. Деловникот има 19 члена и е донесен во согласност со Законот за правда на деца. Членовите на Државниот совет го пофалија и одобрија претставениот Деловник, и донесоа заклучок истиот да биде дел од материјалите што ќе им бидат достапни на веќе постојните општински совети и оние коишто ќе се формираат во иднина, бидејќи со него се овозможува воедначен начин на работа и функционирање на општинските совети.

- **Изготвена Компаративна анализа на програми за превенција на детско престапништво.**

**Оваа активност е предвидена како почетен чекор кон исполнување на крајниот резултат за изработка на предлог програми за детско престапништво.**

А4.1.Компаративна анализа на програми за превенција на детско престапништво и А4.2.Анализа на релевантни документи на меѓународен план;

Анализата е изработена и објавена на следниот линк: https://msp.mk/mk_MK/publications/.

А4.3.Нацрт на пилот-програма за превенција на детско престапништво; А4.4.Презентација на пилот-програма за превенција на детско престапништво преку веб-страницата и социјални медиуми

Програмата е изработен во форма на прирачник и објавена на следниот линк: https://msp.mk/ProgramaD.pdf

А4.5.Праќање на пилот-програмата до релевантните јавни органи / институции. Поради ограничениот фонд на средства, програмата е објавена единствено во електронска форма. Проектниот тим ги искористи сите можни ресурси и контакти за да ја промовира програмата и на тој начин да допре до поширок круг на крајни корисници од првично предвидените.

Општата цел на проектот е намалување на детско престапништво. Како показатели за успешност кои може објективно да се проверат ги наведовме проверките на бројот на кривични и прекршочни пријави за 20% во 2021 во споредба со 2020 година. Како извори за проверка пак, ги наведовме официјалните податоци од годишните извештаи на Министерството за внатрешни работи и Јавното обвинителство. Свесни за состојбата во државата, како тим предвидовме и очекувавме недостаток од вакви податоци во годишните извештаи и дека таа состојба ќе се надмине со поднесување барање за пристап до информации од јавен карактер. Но, не очекувавме дека респонзивноста на институциите ќе биде на толку ниско ниво. Некои од нив воопшто не одговорија на нашите барања, некои не одговараа ни на телефонски повици а кај некои немаше услови за да ни одговорат на барањата (нема тонер за да се печатат извештаи, или нема компјутер за да се испратат електронски и сл.)

Во тој момент сфативме дека општата цел сме ја поставиле превисоко. Затоа, не можеме да кажеме дека целосно сме ја постигнале целта, но со сигурност може да потврдиме дека проектот претставува чекор напред кон подобрување на состојбата во државата. Ова го тврдиме поради влијанието што се обезбеди од спроведените активности на тој начин што акцијата ќе овозможи подобро запознавање со феноменот на детско престапништво, преку:

- Влијание на анализата и публикацијата (Р.1 и Р.2):

Научната анализа беше дисеминирана до сите засегнати страни во вид на публикација и овозможи подобро запознавање со феноменот на детско престапништво за јавните органи во регионот во кој тие работат и оперираат. Оттука, релевантните институции можат да изградат подобри политики.

- Влијание на модел-деловникот (во рамки на Р.3):

Кога станува збор, за влијанието во работата на општините за превенција на детското престапништво, во рамки на проектот беше засегнати функционалноста на Советите за детска превенција. Имено, изработувајќи модел-деловници за работа на Советите за детска превенција, проектниот тим ѝм овозможи на овие советодавни тела да започнат со одржување на ефективни состаноци.

- Влијание на пилот- програма за превенција на детско престапништво за 2021-2022 (Р.4):

Со изработката на пилот програмата за превенција на детско престапништво за 2021-2022

година, проектот не само што иницира донесување на ваква програма на државно ниво туку и придонесе кон олеснување на тој процес бидејќи надлежните органи ќе можат веднаш да го реципираат споменатиот документ. Тој беше изработен согласно најдобрите компаративни искуства, меѓународни документи но и сознанијата од анализата / публикацијата.

Согласно специфична цел на нашата акција, за мапирање на локалните ризици и подобрување на институционалната клима, ја постигнавме преку деск анализата којашто содржи достапни податоци од релевантни институции и претставува појдовна точка за идентификување и елаборација на ризик факторите за појава на детско престапништво. Истата служи за понатамошно утврдување на ризик факторите за појава на детско престапништво. Сето тоа ќе се врши преку компаративна анализа на голем број на податоци кои произлегуваат од повеќе извори кои се занимаваат со оваа проблематика. Меѓудругото за мапирање на локалните ризици се разговараше и на редовната седница на Државниот совет за превенција на детско престапништво, каде што ние ги претставивме добиените податоци од таргет институциите и заклучоците по однос на истите, а по кои добивме пофалби за сработеното, но од друга страна конструктивно се разговараше за слабостите на одредени институции.

Преку комплетирањето и објавата на деск анализата заземен е правецот во кој ќе се движи понатамошното истражување на нашиот тим, а се со цел остварување на крајната цел – идентификување, елаборација и анализа на ризик факторите за појава на детско престапништво. Преку досегашните активности се утврди дека насилството помеѓу децата многу често се случува во основните врсници, затоа сметаме дека за остварување на целта на овој проект, потребно е да се направи подлабока анализа на оваа појава. Таргет група на оваа анализа треба да бидат наставниците и социјалните работници кои секојдневно се вклучени во воспитно-образовниот процес на децата. Планирано е преку разговори, анкети и прашалници, да бидат прецизно утврдени најчестите причини поради кои се јавува насилството во училиштата. Дополнително, во овој дел потребен е и разговор со децата кои биле жртви на насилство, но и децата кои насилно се однесуваат, со цел прецизно утврдување на изворот на оваа појава.

По однос на наведеното, јасно е дека е потребно анализирање на причините поради кои во различни плански региони доминираат различни педагошки мерки во училиштата со оглед на фактот дека досегашното истражување покажа дека постои голема дискрепанца помеѓу применетите мерки во различни градови, а постојат и такви општини каде што биле изречени малку, или воопшто не биле изрекувани педагошки мерки за учениците кои насилнички се однесувале во училиштето. Токму затоа беше изработен Деловникот за воедначено работење на општинските совети.

Факт е дека во Република Северна Македонија има мрежа на институции, тела, органи и организации кои се занимаваат со превенција и проучување на детското престапништво. Од добиените досегашни податоци дојдовме до заклучок дека е потребна поголема комуникација и координација помеѓу сите чинители кои се занимаваат со оваа тематика од причини што податоците кои се однесуваат на исто поле на истражување често се различно презентирани до јавноста или пак до нив е дојдено со користење на различна методологија што доведува во неусогласеност и сомнеж во веродостојноста. Исто така неретко податоците се групирани на начин што не може прецизно да се утврди бројот на нови случаи на насилство во различните категории, од

причина што во статистиките се „провлекуваат“ постари предмети кои добиваат своја разрешница во некоја од годините на анализа. Поради ова, увидовме дека постојат нелогичности кај некои статистички податоци.

Со понудените работилници во програмата „Д“ се дава можност на инволвираните институции кои работат во оваа област да ги променат секојдневните навики и однесувања на децата каде е забележано девијантно однесување но и да и да ги спречат, преку интерактивна настава и вежби, да ги повторат таквите однесувања во иднина.

**Во последните години изостануваат Годишни програми и Извештаи за работата на општинските совети, а тоа секако негативно се одразува на квалитетот на живот, услуги и добросостојбата на крајните корисници, односно на децата.** Затоа неопходно е зајакнување на веќе формираните општински совети за превенција на детско престапништво преку обука за изработка на Годишната програма со планирање на превентивни активности, спроведување на истите и намалување на ризичните фактори на кои се изложени децата, како и Извештаи за спроведената Годишна програма. МПД ќе ги насочи своите капацитети во надминување на нотираните проблеми во овие полиња.

Наративниот извештај го изработи,

Д-р Елена Мујоска Трпевска

**ПРЕТСЕДАТЕЛ на МПД**